There are no translations available.
Почитувани,
Во рамките на проектот „ENPOL – EE”, од програмата за прекугранична соработка „Interreg – IPA CBC CCI 2014 TC 16 15CB 009”, во периодот од 2014 – 2020 година, Општина Неготино го организира Првиот Инфо Ден кој ја обработува темата „Важноста во заштита на животната средина”.
Проектната задача одговара на едно основно прашање, а тоа е: Како можат локалните власти да придонесат за примена на енергетската политика во нивните територии, во една заедничка рамка на акции и истовремено да придонесат за подигање на свеста на локалното население во врска со мерки на енергетска ефикасност?
Инфо денот е само дел од многубројните активности кои ќе се одржат како дел од овој проект. Со таа цел Ве покануваме да присуствувате на Првиот Инфо Ден на тема „Важноста во заштита на животната средина”, кој ќе се одржи на 03.06.2019 (Понеделник) во Општина Неготино, со почеток од 13:00 часот.
Проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничниот регион како индикативен фактор за политика на животната средина” со акроним„ENPOL – EE”, се реализира во партнерска соработка на Општина Неготино,Средно општинското училиште „Св.Кирил и Методиј” - Неготино, Општина Пела и Општинското јавно претпријатие за култура и развој на Пела од Грција .
Во прилог на поканата можете да ја погледнете и агендата.

Агенда

Со почит,

Општина Неготино